**20150592129**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 58 од Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија“ број 32/01, 50/01, 45/02, 98/02, 24/03, 96/04, 38/05, 88/08, 105/09, 34/10, 24/11, 55/11, 135/11, 82/13, 43/14, 167/14 и 188/14), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

Член 1

Во Правилникот за спроведување на Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија“ број 40/01, 72/01, 89/01, 50/02, 86/02, 19/03, 54/03, 6/04, 6/05, 44/06, 137/06, 25/08, 54/08, 125/08, 53/09, 94/09, 122/09, 46/10, 85/10, 156/10, 29/12, 97/12, 106/12, 187/13, 98/14 и 172/14), во членот 34 ставот (1) се менува и гласи:

„Контролните марки тип 1, 2, 3 и 4 се изработуваат од бездрвна хартија во правоаголна форма, контролните марки тип 5 и 6 се изработуваат од бездрвна самолеплива хартија во правоаголна форма. Контролните марки се со димензии:

1. тип 1 со 130мм х 20мм
2. тип 2 со 80 мм х 20 мм
3. тип 3 со 60мм х 15 мм
4. тип 4 со 130мм х 20 мм
5. тип 5 со 60мм х 15 мм
6. тип 6 со 60мм х 15 мм.“

Ставот (17) се менува и гласи:

„Контролната марка се лепи на секое поединечно пакување, и тоа тип 1, 2, 3 и 4 на тој начин што средината на контролната марка се лепи на затворачот, а останатите делови на грлото од едната и другата страна, а тип 5 и 6 на тој начин што едниот крај на контролната марка се лепи на затворачот, а другиот крај на грлото, така што при отворањето на поединечното комерцијално пакување да се оштети марката“.

Член 2

Обрасците на контролни марки за обележување на меѓупроизводи и етил алкохол се заменуваат со нови обрасци кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 20-2158/7
8 април 2015 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

# Контролни марки за обележување на меѓупроизводи и етил алкохол

## Тип 1 (димензија 20мм x 130 мм)




## Тип 2 (димензија 15мм x 80 мм)




## Тип 3 (димензија 15мм x 60 мм)




## Тип 4 (димензија 20мм x 130 мм)



# Контролни марки за обележување на меѓупроизводи и етил алкохол (самолепливи)

Тип 5 (димензија 15мм x 60 мм)




Тип 6 (димензија 15мм x 60 мм)

